CeProSARD

# ЦЕНТАР ЗА ПРОМОЦИЈА НА ОДРЖЛИВИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРАКТИТКИ И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

# КОДЕКС НА ЕТИЧКИ ПРИНЦИПИ И ОДНЕСУВАЊЕ НА ЗГ „ЦеПроСАРД“

Скопје, 2011 година

Кодексот на етнички принципи и однесување на ЗГ „ЦеПроСАРД“донесен е на Седница на Собранието на здружението и целосно е прифатен од сите членови на Советот.

CeProSARD
Str. “1550” no.8a Vizbegovo
1000 Skopje, Republic of Macedonia
Tel/fax: + 389 2 3061 391
http://www.ceprosard.org.mk

## ПРЕАМБУЛА

ЗГ „ЦеПроСАРД“ се залага за унапредување на квалитетот, транспарентноста, ефикасноста и солидарноста на делувањето на граѓанските организации и нивниот меѓусебен однос и од тие причини самоиницијативно дефинира и усвои Кодекс на етички принципи и однесување.

Кодексот на етички принципи и однесување е збир на основни принципи, оперативни принципи и стандарди за насочување на активностите и управувањето со организацијата. Донесувањето и спроведувањето на интерниот кодекс обезбедува не само етичка проверка за организација, но, исто така служи како изјава кон корисниците, донаторите и јавноста дека организацијата сериозно ја сфаќа важноста на одржување на високи стандарди во своето делување.

Кодексот е конципиран да биде користен и како контролен меганизам и катализатор за дискусииите на вработените во организацијата, за разгледување, размислување и анализирање на клучните принципи, стандарди и начини на спроведување на услугите и активностите на организацијата. Кодексот, исто така, претставува основа за само-сертификација на организацијата.

Скопје, 2011

## Содржина


**ПРЕАМБУЛА** ..... 2

**1. ВРЕДНОСТИ КОИ ГИ СПОДЕЛУВААТ ВРАБОТЕНИТЕ И ЧЛЕНОВИТЕ НА „ЦеПроСАРД“** 4

1.1. Почитување на универзалните човекови права ..... 4

*1.1.1. Човекови права* ..... 4

1.2. Почитување на достоинството и интегритетот на секој поединец, етничка група и култура ..... 4

*1.2.1. Почитување* ..... 4

1.3. Еднаквост и прифаќање на различностите ..... 4

*1.3.1. Непристрасност* ..... 4

*1.3.2. Толеранција* ..... 4

*1.3.3. Работа са маргинализираните групи* ..... 4

**2. НЕЗАВИСНОСТ** ..... 4

2.1. Автономија ..... 4

2.2. Независност ..... 5

2.3. Донации ..... 5

**3. НЕПРОФИТНОСТ И НЕ ПАРТИСКО ДЕЛУВАЊЕ** ..... 5

3.1. Непрофитност ..... 5

3.2. Непартиско делување ..... 5

**4. ДОБРО УПРАВУВАЊЕ** ..... 5

4.1. Документи ..... 5

4.2. Јасна внатрешна организациска структура ..... 5

4.3. Судир на интереси ..... 5

4.4. Недискриминација ..... 5

4.5. Односот спрема вработените ..... 6

**5. ЈАВНОСТ, ОДГОВОРНОСТ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ** ..... 6

5.1. Отвореност кон јавноста ..... 6

5.2. Извештаи ..... 6

5.3. Доверба ..... 6

5.4. Искреност ..... 6

5.5. Заложба ..... 6

**6. КОМУНИКАЦИЈА, КООРДИНАЦИЈА И СОРАБОТКА** ..... 6

6.1. Комуникација, координација и соработка ..... 6

6.2. Помагање ..... 6

6.3. Клеветење ..... 6

6.4. Партнерство ..... 7

6.5. Документи ..... 7

6.6. Меѓусебно натпреварување ..... 7

6.7. Конфликт ..... 7

**7. ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ** ..... 7

7.1. Обезбедување на приходи ..... 7

7.2. Намери ..... 7

7.3. Финансирање од политички партии ..... 7

7.4. Донатори ..... 7

7.5. Фискална одговорност ..... 7

7.6. Злоупотреби ..... 7

# 1. ВРЕДНОСТИ КОИ ГИ СПОДЕЛУВААТ ВРАБОТЕНИТЕ И ЧЛЕНОВИТЕ НА „ЦЕПРОСАРД“

Почитување на универзалните човекови права и на правата на сите граѓани без разлика на родот, етничкото и расно потекло, религијата и уверувањата, хендикепот, возраста, сексуалната ориентација и социјалното потекло; развој на плурална и партиципативна демократија, одржлив социоекономски развој и културен просперитет; општествена кохезија; социјална сигурност и солидарност; и почитување на различките и ненасилство.

## 1.1. Почитување на универзалните човекови права

*1.1.1. Човекови права*

Ќе ги почитуваме и промовираме човековите слободите и правата загарантирани со меѓународните конвенции и стандарди.

## 1.2. Почитување на достоинството и интегритетот на секој поединец, етничка група и култура

*1.2.1. Почитување*

Во рамките на нашите активност, а особено во нашата меѓусебна комуникација и во комуникација со јавноста, ќе ги почитуваме вредностите, етичките принципите, религиозната и етничка определба на сите луѓе со коишто соработуваме, согласно со основните принципи на човековите права. Воедно, нема да ги подржуваме активностите кои директно и наштетуваат на одредена група или поединец.

## 1.3. Еднаквост и прифаќање на различностите

*1.3.1. Непристрасност*

Во нашето делување ќе промовираме и применуваме непристрасен и праведен однос спрема сите, без разлика на родовата припадност, етничкото и расно потекло, религијата и уверувањата, хендикепот, возраста, сексуалната ориентација и социјалното потекло.

*1.3.2. Толеранција*

Ќе се залагаме за толеранција и почитување на правото на различност помеѓу луѓето.

*1.3.3. Работа са маргинализираните групи*

Нашите програми и платформи ќе ги охрабруваат и овозможуваат учеството на групи и поединци кои се чувствуваат дискриминирани врз основа на родот, етничкото и расно потекло, религијата и уверувањата, хендикепот, возраста, сексуалната ориентација и социјалното потекло.

# 2. НЕЗАВИСНОСТ

## 2.1. Автономија

Како граѓанска организација самостојни сме и независни во својата работа. Ќе соработуваме со државните органи, донаторите и останатите засегнати страни врз принципот на рамноправност, во согласност со нашите статутарни цели и определби.

### 2.2. Независност

Ќе го негуваме и поттикнуваме принципот на независност од владините и останатите државни институции, како на централно така и на локално ниво. Исто така се обврзуваме дека во рамките на договорените проекти со донаторите ќе се придржуваме на принципот на независност во работењето.

### 2.3. Донации

Ги прифаќаме само оние донации кои потекнуваат од донатори чиишто цели се во склад (или не се косат) со нашите цели, мисија и визија и кои не ја загрозуваат нашата независност и интегритет.

## 3. НЕПРОФИТНОСТ И НЕ ПАРТИСКО ДЕЛУВАЊЕ

### 3.1. Непрофитност

Основниот принцип на делување на граѓанските организации е нивната непрофитност. Како граѓанска организација доследно ќе ги почитуваме законските одредби кои ја одредуваат нашата различност од останатите чинители во општеството.

### 3.2. Непартиско делување

Како граѓанска организација нема да вршиме политички активности, ниту ќе го користиме сопствениот имот и средства за остварување на цели на политички партии. Нема да учествуваме во изборните кампањи и нема да собираме средства за изборна кампања и финансирање на политички партии. Строго ќе се придржуваме да ја избегнуваме поврзаноста на раководните лица на организациите со членството во извршните и раководните тела на политичките партии и нема да поставуваме партиски цели во своите програми и проекти.

## 4. ДОБРО УПРАВУВАЊЕ

### 4.1. Документи

Се обврзуваме да поседуваме документи во коишто јасно се дефинира нашата мисија, визија, основните цели, програми и структурата на управување.

### 4.2. Јасна внатрешна организациска структура

Се обврзуваме да воспоставиме и практикуваме организациска структура на јасна подвоеност на управните од извршните органи, да применуваме прецизни механизми на внатрешна контрола и да воспоставиме методи за разрешување на евентуални судири на интереси.

### 4.3. Судир на интереси

Се обврзуваме да усвоиме принципи кои забрануваат судир на интереси на раководните лица, на вработените и на волонтерите во организациите.

### 4.4. Недискриминација

Се обврзуваме да промовираме еднаквост по основ на родот, етничкото и расното потекло, религијата и уверувањето, хендикепот, возраста и половата определеност во ангажирањето, вработувањето, обуките и професионалниот развој и напредувањето во кариерата на персоналот.

### 4.5. Односот спрема вработените

Се обврзуваме да имаме јасно дефиниран однос спрема вработените и ќе воспоставуваме регулативи во однос на вработените и волонтерите, плаќањето на придонесите и хонорарите. Ќе ги штитиме правата и безбедноста на своите вработени и волонтери во согласност со законските прописи.

## 5. ЈАВНОСТ, ОДГОВОРНОСТ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

### 5.1. Отвореност кон јавноста

Ќе бидеме отворени и одговорни во работата со институциите на Република Северна Македонија, централните и локалните власти, нашите партнери од различните заедници, донаторите и сите останати заинтересирани страни. Редовно ќе ја информираме јавноста за нашата работа и за изворите на нашите финансиски средства.

### 5.2. Извештаи

Ќе промовираме проактивен пристап на известување и нашите програмски и финансиски извештаи, како и оценките на нашите активности ќе им бидат достапни на сите заинтересирани страни.

### 5.3. Доверба

Ќе ја промовираме потребата и важноста на зајакнување на взаемната доверба и во однс на јавноста и во однос на нашите активности и приоритети.

### 5.4. Искреност

Ќе избегнуваме пораки до јавноста кои поттикнуваат развивање предрасуди и нетолерантно однесување или поттикнување било каква омраза во општеството.

### 5.5. Заложба

Ќе се залагаме во своите активности кон јавноста да не ја воопштуваме и сокриваме стварноста и одговорно да упатуваме на проблемите и дилемите со кои се соочуваме.

## 6. КОМУНИКАЦИЈА, КООРДИНАЦИЈА И СОРАБОТКА

### 6.1. Комуникација, координација и соработка

Се обврзуваме да го поттикнуваме меѓусебното разбирање и почитување, ќе поттикнуваме поголем дијалог и ќе даваме особено значење на размената на искуства помеѓу нас и остантите граѓански организации.

### 6.2. Помагање

Се обврзуваме да пружаме солидарност, поддршка и помош на останатите организации, доколку сме во можност тоа да го направиме.

### 6.3. Клеветење

Нема да го подриваме или негираме работењето на останатите организации, ниту ќе поднесуваме лажни или погрешни изјави на останатите страни и организации.

### 6.4. Партнерство

Партнерството ќе го градиме врз основа на заедничка визија и цели за развој на македонското граѓанско општество, почитувајќи ја меѓусебната подршка и солидарност.

### 6.5. Документи

Партнерствата ќе бидат поддржани со взаемно потпишани документи кои ќе ја прикажат согласноста на партнерите околу улогата, целта, очекувањата и одговорноста во партнерството.

### 6.6. Меѓусебно натпреварување

Доколку се најдеме во ситуација на меѓусебен натпревар и конкурирање истиот ќе се заснова на истакнување на сопствените позитивни активности и успеси, а не на негација на активностите и делувањето на другите организации потписнички на овој Кодекс.

### 6.7. Конфликт

Партнерите ќе се договараат за начинот како да ги решаваат меѓусебните конфликти, врз основа на фер и непристрасен однос.

## 7. ФИНАНСИСКА ОДРЖЛИВОСТ

### 7.1. Обезбедување на приходи

Обезбедување на приходи ќе го вршиме на чесен начин и без притисоци. Јасно и прецизно ќе го опишеме идентитетот, целта, програмата и реалните потреби во однос на она што можеме да го сработиме и исполниме. Во процесот на прибирање средства, ќе ја почитуваме својата мисија.

### 7.2. Намери

Ќе ги користиме донациите на начин како што е предвидено кога се аплицирало за одредена донација т.е. на начин каков што е пропишан во договорот со донаторот.

### 7.3. Финансирање од политички партии

Се обврзуваме дека нема да прибавувуваме финансиски средства или други материјални бенефиции од политички партии.

### 7.4. Донатори

Донаторите ќе бидат адекватно признаени за своите придонеси согласно со желбата и политиката на донаторите. Донаторите мораат да имаат пристап до информациите за своите донации.

### 7.5. Фискална одговорност

Ажурно и доследно ќе ги следиме и применуваме фискалните правила на работење пропишани во законодавството на Република Северна Македонија.

### 7.6. Злоупотреби

Се обврзуваме да превземеме отворени и одлучни мерки против оние членови на организацијата кои се за незаконско присвојување на имот или манипулација со финансиската состојба на организацијата.